Виолета ПАНЗОВА

# КОНТРОВЕРЗИТЕ НА ЕДНА НОВА ИНТЕГРАЦИЈА

## ФИЛОЗОФИЈА НА ЈАЗИКОТ

Суштинските аспекти на јазикот, поврзани со начините на неговото функционирање, условите и можностите на човековата комуникација посредувана со јазикот, неговата структура, напорите за негово логичко втемелување, отсекогаш биле неодминлива тема на филозофското промислување. Во историјата на филозофијата не може да се најде ниту едно позначајно име кое не се занимава експлицитно, или во врска со други прашања, со проблемите на јазикот. Сепак, наспроти овие ангажирања, во периодот од Аристотел до Мил, не е конституирана општа филозофско-логичка концепција за јазикот.

Во дваесеттиот век, од попатна тема во филозофијата, јазикот станува централна филозофска проблематика. Ниту една современа филозофска ориентација не останува индиферентна во однос на филозофските аспекти на јазикот. Причините за ваквата состојба и патиштата кои водеа кон неа се разновидни и многубројни. Секако, најрадикален во таа насока е неопозитивизмот, во чии рамки се развива таканаречената аналитичка филозофија, особено со ставот за трансформирање на филозофијата во наука за науките или логика на науките, со што се наметна потребата за експлицирање на структурата на науката и на јазикот како нејзино изразно средство. Така, во овој век се конституира едно синтетичко, систематско теориско подрачје - *филозофијата на јазикот*, кое се обидува, врз основа на некои општи поставки, да даде одговор на овие прашања.

Да се определи предметот на оваа дисциплина значи да се издвојат оние аспекти на јазикот кои ги проучува токму таа т.е. да се одговори на прашањето дали постои подрачје врзано за јазикот кое е легитимно филозофско. Познато е дека со истражување на јазикот се занимаваат низа науки: лингвистиката, психологијата (психолингвистика), социологијата (социолингвистика) итн. Симболичката и значенската активност ја проучуваат и повеќе други дисциплини: теоријата на уметноста, филозофијата на религијата, психоанализата, фолклористиката. Но, исто така е познато дека тие немаат претензии на егзактност во своите иследувања и изложувања на резултатите, во стриктната смисла на зборот, па така значително се релативизираат границите помеѓу филозофското и научното истражување на јазикот. Но тоа не отстапува од општите прилики во науката воопшто, за која исто така е карактеристично релативизирање на границите помеѓу

одделните нејзини дисциплини и премостување на празнините оставени од традиционалната класификација на науките.

Предметот на филозофијата на јазикот најчесто се определува во противстав со другите дисциплини кои се занимаваат со јазикот. Посебните дисциплини ги истражуваат одделните и различни аспекти и фрагменти на јазикот, а филозофијата на јазикот настојува овој феномен да го опфати во неговата комплексност; филозофијата на јазикот не се занимава со надворешните манифестации на јазичката дејност, туку настојува да проникне во нејзината суштина; посебните дисциплини го проучуваат јазикот како нешто што е готово, дадено, филозофијата го истражува како процес, во неговата генеза, во неговата историја; таа своето внимание го насочува кон јазикот како медиум на човековиот однос кон стварноста, нашето разбирање на стварноста посредувано со јазикот; филозофијата на јазикот ја истражува јазичката активност во поглед на класичните филозофски проблеми, додека кај останатите дисциплини тој аспект е занемарен (7:10).

Според тоа, би можело да се каже дека за современата филозофија на јазикот неколку подрачја се од посебен интерес: пред сè, тоа е односот на јазикот кон стварноста, значи логичко-семантичката димензија; проблемот за карактерот на самиот јазичен знак; прашањата за конфигурацијата на знаците и нивната функција; проблемот на дискурсот, т. е контекстуалното значење; и, во крајна инстанца, прашањето што е јазикот воопшто, како тој функционира.

*Семантичките аспекти на јазикот.* Семантичката димензија на јазикот е тема која е најинтензивно истражувана во филозофската традиција. Филозофскиот интерес кон овие проблеми се изразува главно низ прашањата: што значи еден знак да има значење? Што се подразбира под тоа кога се вели дека тој има значење? Под кои услови два знака имаат исто значење? Што е тоа што овозможува на исказите да им се придаде определено значење, а претставува основа за нивно разбирање, интерпретирање? Како е можно учесниците во процесот на комуникација, кога употребуваат определени знаци, да се разбираат и да мислат на (да имаат на ум) исти нешта? Последното прашање може да се постави и поинаку - дали воопшто мислат на исти нешта? Одговорите на овие прашања претставуваат основа или барем теориска рамка за низа понатамошни специфични истражувања во различни области, како што се психологијата, антропологијата, лингвистиката... Тие се во непосредна врска со одговорите на прашањата од типот: како децата го учат својот јазик, како ги учат значењата на

зборовите, или како еден припадник на определена говорна заедница може да образува реченици кои порано никогаш не ги слушнал, односно да препознае нова реченица, да ја оцени нејзината правилност, потоа, како се поврзани значењата на изразите во еден јазик, што придонесува за промената на значењето на еден јазичен израз...

Покрај овој поттик, така да се каже однадвор, имено обезбедување на плодотворна теориска подлога за истражувањата на другите науки, интересот на филозофијата за овие проблеми е детерминиран и од нејзините внатрешни предизвици. Овие прашања се во тесна врска со фундаменталните филозофски поими како што се: *егзистенција, каузалитет, идентитет, детерминираност, слобода, вредност...* чие толкување не може да се потпира на интуитивното разбирање на значењето на поимите.

*Други прашања во филозофијата на јазикот.* Иако семантичките прашања се централни, сепак тие не ја исцрпуваат содржината на филозофијата на јазикот. Размислувајќи повторно за обидите лингвистичките факти да се користат за метафизичка аргументација, јасно е дека тука се вклучени семантичките аспекти. Така, на пример, логичкиот атомизам се темели на претпоставката дека постои фундаментална сличност помеѓу граматичката структура на еден идеален јазик и метафизичката структура на светот, но тоа е само еден од можните одговори. Според тоа, не би можеле да се занемарат прашањата од типот:

- Која е релацијата помеѓу структурата на јазикот и сè она за што се зборува?
- Кои се варијететите и взаемните релации меѓу лингвистичките акти и употребата на јазикот?
- Кои би биле специфичните карактеристики на јазикот на поезијата, религијата, моралниот дискурс?

## ФИЛОЗОФИЈАТА НА ЈАЗИКОТ И СЕМИОТИКАТА

Некои од споменатите прашања се наоѓаат помеѓу интересите на филозофијата и другите поспецифични дисциплини. На пример, разграничувањето на различните видови лингвистичко поведение е проблем со кој се занимава психологијата. Една од функциите, пак, на дескриптивната лингвистика е да ги објасни типовите на лингвистички изрази и да ги нотира дистинктивните карактеристики на секој од нив. Но, дури и ако тие проблеми, во принцип, припаѓаат на одделните дисциплини, тие припаѓаат на основната концептуална рамка и на тој

начин секогаш се допираат со филозофијата. Некои мислители на филозофијата гледаат токму како на таква концептуална основа на која се надградуваат нови науки, но независно од тоа дали филозофијата целосно се исцрпува во тоа или не, секако една од нејзините основни функции е токму тоа.

Кон крајот на минатиот и почетокот на овој век интензивно продира една мисловна ориентации со исто така амбициозен теориски проект: фундирање на една општа наука за знаците - **семиологија** или **семиотика**, која ќе ги проучува законитостите на нивното функционирање во најгенерална смисла и ќе важи за сите подрачја на кои тие се применуваат, претставувајќи на тој начин суштествен чекор кон обединување на науките. Основните ставови на оваа концепција ги среќаваме во делата на познатиот американски мислител Чарлс Сандерс Пирс, кој сосема оправдано ја носи титулата *татко на семиотиката.* Неговите идеи ги експлицира и ги елаборира Чарлс Морис во своето дело *Основи на теоријата на знаците* (студија наменета за вклучување во *Енциклопедијата на обединетата наука*). Меѓутоа, како што често пати се случува во историјата на идеите, клучните ставови на Пирс и Морисовите проучувања на овој план претставуваат само нова етапа во развојот на јадрото на истата замисла која во нововековната филозофија за прв пат експлицитно ја формулира Џон Лок во завршните пасуси на *Есејот за човековиот разум.* Зборувајќи за поделбата на науките на три фундаментални гранки - физика, практика и семиотика, Лок третата гранка ја определува како *проучување на природата на знаците кои духот ги употребува за разбирање на стварите или за пренесување на знаењето на другите* (4: 795). Семиотиката за него е само второ име за логиката. Локовата замисла за семиотиката како општа наука за знаците, макар и искажана на крајно лапидарен начин, ја експлицира претпоставката која лежи во основата на сите подоцнежни семиотички проекти. Имено, во еден фрагмент кој потекнува од 1807 година и е вклучен во неговите *Собрани дела*, Пирс истакнува: *Логиката во нејзиното основно значење, како што сметам дека покажав, е само друго име за семиотиката, речиси нужна или формална доктрина за знаците* (8 : 134).

Но, да видиме што подразбираат под тоа творците на оваа дисциплина: Процесот во кој нешто игра улога на знак, Морис го нарекува семиоза (semiosis). Овој процес вклучува три основни конституенти: носителот на знакот, т.е. она што служи како знак, она на што се однесува знакот и она дејство на некој интерпретатор заради што нешто е знак за тој интерпретатор. За проучување на тријадичната релација

на семиозата можат да се апстрахираат повеќе други дијадични релации:

- однос на знаците спрема објектите на кои тие знаци се однесуваат - семантика;
- взаемниот однос на знаците - синтакса;
- односот на знаците спрема интерпретаторите - прагматика;

Семиотиката, според Морис, стои во двоен однос кон науката. Од една страна, таа е наука помеѓу останатите науки, а од друга, е инструмент на науките. Нејзиното значење се состои во фактот дека таа претставува чекор кон обединување на науките, бидејќи ѝ дава основа на секоја специјална наука за знаците како што се лингвистика, логика, математика, реторика, а до извесен степен и на естетиката.

Ако семиотиката е наука која е поврзана со другите науки, во проучувањето на стварите или особините на стварите кога тие служат како знаци, таа исто така е инструмент на сите науки, бидејќи секоја наука се служи со знаци во истражувањата од својот домен и ги изразува своите резултати во знаци.Според тоа, метанауката мора да се служи со семиотиката како органон.

Секоја емпириска наука учествува во изнаоѓањето податоци кои можат да служат како сигурни знаци, секоја наука мора да ги отелотвори своите резултати во лингвистички знаци. Поради тоа научникот мора да се грижи за своите лингвистички орудија исто така како што се грижи за конструирање на апарати или за примена на опсервацијата или експериментот. (5: 18-20)

Во поново време е забележлива тенденцијата теоријата на познанието во традиционалните филозофски системи да се заменува со анализа на знаците, па се поставува прашањето каква е улогата на семиотиката во тој развиток.

Покрај тоа треба да потсетиме дека во сите историски епохи на заснивање на нови логички системи секогаш се пројавува мошне развиена теорија на знаците, почнувајќи од Аристотел, схоластичката логика, но и во нововековната филозофија, особено кога Лајбниц ги навестува основите на нова логика што созреваат во елаборацијата на Бул.

Идејата за една општа наука за знаците во современите проучувања на јазикот ја среќаваме и во делото на швајцарскиот лингвист Фердинанд де Сосир, кој во *Курсот по општа лингвистика* оваа дисциплина ја нарекува *семиологија* и ја определува како: *наука која го проучува животот на знаците во општеството* (2: 25), сметајќи ја за гранка на социјалната, па според тоа и на општата психологија. Це-

лата култура, според Де Сосир, за разлика од природата, претставува царство на знаци, каде што стварите не се означуваат само себеси туку и нешто друго, или само нешто друго, она за што се знаци. Лингвистиката би била само посебна гранка на семиологијата, на таа општа наука за знаците.

Но, јазикот во целина не и е предмет на лингвистиката. Во таа општа човекова способност (language, faculté de language), според Де Сосир, треба да се направат нови исечоци. Постои јазик во потесна смисла на зборот, говор на една определена човекова заедница, на еден народ, но и тоа сѐ уште не е за научна обработка.

Сосир понатаму прави разлика помеѓу јазик (langue) и жив збор (parole). Дури на тој начин, посредно се создава предметот на една емпириска наука во модерна смисла на зборот, наука во која не само што можат да се применат посматрањето и индуктивните методи, туку и материјалот може да се формализира и да се аксиоматизира. Во областа на живиот збор, сѐ што претставува конкретен индивидуален чин на говорење и творечко во говорот зависи од неговата психофизичка реализација. На тој начин лингвистиката станува егзактна наука, нешто што суштествено се разликува од филозофијата.

Наспроти тоа, според Де Сосир, јазикот е една општествена институција, кодифициран и фиксиран говор. Така сфатен, јазикот претставува систем и тоа надиндивидуален, кој никаде не се реализира конкретно, зашто секоја конкретизација спаѓа во живиот збор, тоа е апстракција, но апстракција чие вистинско постоење е услов за општење меѓу луѓето. Но, без сомнение, јазикот во ова значење, не е нешто што може да се истражува со методите на лингвистиката како строга наука, тоа е аспект што бездруго ѝ припаѓа на филозофијата.

Во втората половина на овој век се појавува уште една синтагма која е во тесна врска со релациите што се овде предмет на иследување - **лингвистичка филозофија**. Џон Серл во својата студија *Говорни чинови* подвлекува една значајна дистинкција помеѓу филозофијата на јазикот и лингвистичката филозофија: *Лингвистичката филозофија е обид по пат на вообичаената употреба на определени зборови или други елементи во некој јазик да се решат определени филозофски проблеми. Филозофијата на јазикот е обид филозофски да се разјаснат и опишат извесни општи одлики на јазикот, како што се референцијата, значењето, нужноста... Лингвистичката филозофија првенствено е име на методот; филозофијата на јазикот е име на предметот.* (9: 44).

Меѓутоа, екстензивниот карактер на семиотиката (семиологијата) како наука за сите системи на знаци, во сите подоцнежни истражувања кои се надоврзуваат на вака формулираниот проект, се покажува како голема пречка за нејзиното практично реализирање. На тоа укажува еден од најзначајните современи семиолози Ролан Барт во списот *Елементи на семиологијата.* Тој став го поткрепува и Пјер Гиро во делото *Семиологија*, истакнувајќи ги несогласувањата во врска со определувањето на самата област на оваа наука, имено проблемот: кои типови на комуникација, реализирани со посредство на знаците, таа ќе ги смета за легитимно подрачје на својот интерес (1: 23)

Друг проблем кој се наметнува пред семиологијата како дисциплина со така широк план на истражување е проблемот на нејзиниот метод, односно дискурсот во кој таа се прашува за своите претпоставки, имено дали тоа го прави низ сопствениот дискурс како „метасемиологија“ или ѝ е неопходно некое „пофилозофско“ рамниште.

Посериозен обид да се промисли односот помеѓу семиологијата и филозофијата е направен од страна на еден од најпознатите современи семиолози - Јулија Кристева. Таа се прашува за вредноста на семиологијата како теорија и притоа гради една концепција на критика на семиологијата, односно семиологијата како автокритичка дисциплина.

Критичкото втемелување на семиологијата Кристева го оправдува со тоа што семиологијата како наука во својот предмет може да се вклучи и самата себеси; имено, сите науки се служат со модели за да го анализираат својот предмет, додека семиологијата за свој предмет го има токму самото произведување на модели: *Наспроти егзактните науки, семиологијата е исто така произведување на теории на моделирање, што е и таа самата, имено, теорија која, во принцип, може да се занимава со она што не му припаѓа на поредокот на претставите* (3: 343). На тој начин семиологијата напредува како рефлексивен процес на моделирање, при што на секој чекор на моделирањето го бара моделот на своето постапување: „Бидејќи е своја сопствена теорија, според Кристева, семиологијата е тип на мислење кое е способно да се мисли самото себе, а притоа да не се издигне во систем, а во однос кон другите науки - таа е вид на мислење каде што науката се доживува себеси, свесна е за фактот дека е теорија. Во секој момент во кој се воспоставува, семиологијата го мисли својот објект, своите средства и нивниот однос, значи се мисли самата себе, и во ова враќање во себе самата станува теорија на науката што е и таа самата (6:174 ).

Осврнувајќи се на ставовите на Кристева, Мишчевиќ открива некохерентност во клучниот момент на определувањето на теоретскиот карактер на семиологијата. Прашањето кое го поставува Мишчевиќ е всушност прашање на избор: семиологијата е или метатеорија, и со тоа само еден од метајазиците, а не место каде што науките доаѓаат до самосвест, или е наука како сите други, но тогаш отпаѓа *Кантовото трансцедентално барање* (6:176).

Таа двосмисленост, се чини, произлегува од поструктуралистичката критика на метајазикот од страна на Кристева поради што таа одбива на семиологијата да ѝ даде статус на теорија за теоријата: *Семиологијата, чиј проект е пред сè критички, не сака да изгради довршена зграда, општа енциклопедија на семиотичките структури, а уште помалку како последен врв, конечен и заситен метајазик на еден склоп на јазици кои ги зема како свој план на содржина* (6:176).

Развитокот и перспективите на семиологијата се прашања на иднината, но она што останува нејасно е нејзиниот сегашен статус во однос на останатите дисциплини кои се занимаваат со истражување на симболичките процеси. Онака како што е конципирана таа во најзначајните семиотички проекти, семиотиката се јавува како најопшт и најапстрактен поглед за сите семиотички системи, без исклучок. Покрај тоа таа се прашува за самите услови кои го овозможуваат семиозниот процес, постапките и начините според кои семиотичката активност ги создава знаците воопшто, но и за начините на кои се создаваат семиотичко-семантичките модели.

На современата семиотика, барем онака како што ја конципира Морис, не само што ѝ се придава определено филозофско значење, туку и се поистоветува со филозофијата која има нагласен антрополошки карактер и хуманистички импликации - човековиот дух е битно поврзан со употребата на знаците и човековата култура, во принцип и експлицитно зависи од знаците и нивната примена. Рамништето на поставувањето на проблемите, критичкиот став кон нив и вклучувањето на сопствената рефлексија во самата себе, ја наметнува дилемата: дали, можеби, современиот концепт за семиотиката е друго име за филозофијата, барем во значењето кое и го постулираше онаа струја во современата филозофија која, според зборовите на Рорти, го изврши коперниканскиот пресврт и јазикот, од попатна тема, го направи исходишна точка на филозофијата на овој век - аналитичката филозофија?

Референци:

1. Giro, P.: *Semiologija*, Beograd, 1975
2. De Sosir, F.: *Opšta lingvistika*, Beograd, Nolit, 1989
3. Kristeva, J.: *Ekspanzija semiologije*, Treći program, Radio Beograd 1974/4
4. Lok,Dž.: *Ogled o ljudskom razumu* II. Beograd, Kultura, 1962
5. Moris, Č.: *Osnove teorije o znacima*, Beograd, BIGZ, 1975
6. Miščević, N.: *Govor Drugoga*, Zagreb, Mladost, 1977
7. Miščević, N.: *Filozofija jezika*, Zagreb, Naprijed, 1981
8. Peirce, Ch. S.: *Collected Papers*, Harvard, Belknap Press, 1960
9. Serl, Dž.: *Govorni činovi*, Beograd, Nolit, 1991

## SUMMARY

Violeta PANZOVA

### THE CONTROVERSIES OF A NEW INTEGRATION

The main aim of the author of this text is to elaborate some fundamental problems concerning the contemporary constitution of the philosophy of language as a systematic field of philosophical inquiry.

The text consists of two parts. In the first part, the author deals with the differences between the philosophical approach to language phenomena, on one hand, and the scintifically oriented study of language, on the other. Special attention is paid to the semantic questions, which, in author's opinion, occupy the central position in the traditional, as well as in the contemporary theories of language.

The second part of the text deals with the relation between the philosophy of language and the semiotics, conceived as a general theory of signs. After a short historical view of the development of semiotics, the author confronts the main question: is the contemporary conception of semiotics just another name for philosophy? This question, according to the author, has already been raised within the framework of the analytical movement, which made a definite step towards the contemporary „linguistic turn" in philosophy.